**Прилог 1**

( Образец ПП......)

**До:** Општина Демир Хисар

**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: вкупна висина на парични надоместоци исплатени од страна на општина Демир Хисар по основ паричен надоместок поради каснување од бездомно куче, за 2023 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис (заокружено)
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил (заокружено)
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** __________, 05.06. **2024 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 24.06.2024

**ДО:** [redacted]

ул. [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-615/1, 24.06.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 24.06.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со исплатените надоместоци поради каснување од бездомни кучиња за 2023 година, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со исплатените надоместоци поради каснување од бездомни кучиња за 2023 година.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 24.06.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 24.06.2024 година под архивски број 18-615/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 24.06.2024 година, под бр. 18-615/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

______________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресу

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Општина Демир Хисар нема исплатено паричен надоместок по основ паричен надоместок поради каснување од бездомни кучиња за 2023 година а согласно Извештајот за реализација на Годишната програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година бр. 08-285/1 од 01.03.2024 година, во кој е наведено дека во 2023 година не беа регистрирани каснувања од кучиња скитници.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

--------------------------------------